Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

**2021**

# Извадок на дел од дневни настани 12.11.2019

СВР Скопје до Основното јавно обвинителство Скопје ќе поднесе кривична пријава против Ќ.С.(31) од Скопје и други лица, поради постоење основи на сомнение дека извршиле три кривични дела „измама", при што се стекнале со противправна имотна корист. Во периодот од 03.11. до 05.11.2019 едно лице, претставувајќи се како организатор на семинари за стрелаштво, летање со параглајдер и алтернативен туризам во хотели во Берово и Маврово, од три лица, телефонски побарал пари на заем за набавка на разна

опрема и материјали за одржување на семинарите. Парите ги земал преку Ќ.С., на различни локации на територија на град Скопје. На 05.11.2019 полициски службеници го лишиле од слобода и привеле Ќ.С., а било извршено и негово препознавање од страна на оштетените.

На 11.11.2019 во 14.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Нерези го лишиле од слобода Д.В.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2019 во 18.30 часот во СВР Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа и послужување со туѓа патна исправа", задржани биле М.У.(34) и Л.Х.(25), двајцата од Р.Албанија, кои истиот ден биле лишени од слобода на Граничниот премин Табановце.

На 11.11.2019 во 15.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода Д.К.(30) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Скопје ќе поднесе кривична пријава до Основното јавно обвинителство Скопје против Б.Р.(42) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека извршил кривично дело „измама", при што се стекнал со противправна имотна корист. Имено, Б.Р. на 28.09.2019 со Б.С. од Скопје, со кого од порано се познавал, договориле цена за да му набави мотокултиватор со приколка, фреза и плугови. Б.С. му платил, но до пријавувањето, на 31.10.2019, Б.Р. ниту им ги донел договорените производи, ниту им ги вратил парите.

На 11.11.2019 во 21.30 часот во с.Пирок, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане го лишиле од слобода Р.С.(31) од с.Теново, тетовско. При контрола на патничко возило „фолксваген бора", со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.И.(54) од с.Синичане, тетовско, а во кое патник бил Р.С., во неговата торба полициски службеници пронашле и одзеле пиштол „ЦЗ", калибар 7,62мм, со една рамка со осум куршуми и уште една рамка со девет куршуми, калибар 7,62мм. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на 11.11.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **16**возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **27** возачи, од кои: **11** возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, **14** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **двајца** возачи – почетници, кои не ги почитувале сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, исклучени од сообраќај се и **14** возила, од кои **12** возила бидејќи биле нерегистрирани и **две** возила поради претовар. Санкционирани се **шест** возачи поради

поминување на крстосница на црвено светло, **двајца** возачи поради неправилно престројување, **три** возачи поради неправилно престигнување, **еден** возач на мотоцикл поради неносење заштитен шлем, **девет** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **21** возач поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани се **седум** пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се **83** мандатни платни налози и **68** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 11.11.2019 во 15.40 часот на магистралниот пат Крива Паланка - Куманово, патничко моторно возило „мерцедес", со кривопаланечки регистарски ознаки, управувано од Д.И.(60) од с.Борово, удрило во пешакот С.А.(67) од с.Градец, кривопаланечко. Во незгодата, С.А. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, каде околу 18.55 часот починал. Извршен бил увид на местото на настанот од екипа на Полициската станица Крива Паланка.

На 11.11.2019 во 21.50 часот во Полициската станица Центар, Р.Р.У.(30) од Монтана-САД пријавил дека на кеј „Димитар Влахов" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 11.11.2019 во 15.55 часот во Полициското оделение Маврово, С.Ш.(36) од Гостивар пријавил дека покрај брегот на Мавровското езеро, помеѓу с.Леуново и с.Никифорово, кај место викано „Црн камен", била пронајдена експлозивна направа. Полициски службеници од СВР Тетово излегле на местото на настанот и констатирале дека станува збор за рачна бомба и таа била подигната за понатамошна постапка.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2019 во 17.40 часот во Полициската станица Чаир, М.Р.(48) од Скопје пријавил дека на ул.„Хо Ши Мин" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Р.Џ.(49) и С.С.(51), двајцата од Охрид, како и против А.Ц.(32) од струшкото село Радолишта поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „измама при добивање кредит или друга погодност". Р.Џ. и С.С. обезбедиле фалсификуван купопродажен договор за товарно возило „опел мовано", по што го завериле на нотар и го употребиле при царинска постапка и во Бирото за метрологија во Скопје. Додека, пак, А.Ц. фалсификуваната докуметација ја употребил при поднесување барање за добивање согласност за регистрација на возилото.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.И.(40) од с.Церово, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба" на дрвна маса. Во периодот од март до октомври 2019, во домот на пријавениот

во с.Церово, полициски службеници пронашле и одзеле 17 метри кубни бесправно исечени огревни дрва.

Полициски службеници од СВР Битола на 11.11.2019 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, е констатирано дека **осум** возачи управувале возило без возачка дозвола, **три** возила биле нерегистрирани, **четири** возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило, а под дејство на алкохол биле **тројца** возачи и тие биле исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 11.11.2019 во СВР Тетово, М.М.(63) од тетовското село Ѓермо пријавил дека на 10.11.2019, додека изведувал градежни работи за уривање на стара куќа, во еден од ѕидовите пронашол рачна бомба. Увид извршила екипа од СВР Тетово во содејство со Дирекцијата за заштита и спасување, чии претставници ја подигнале и транспортирале експлозивната направа за понатамошна постапка.

На 11.11.2019 во 22.30 часот пред казино на ул.,,Трифун Хаџи Јанев’’во Скопје, полициски службеници го пронашле П.Д.(53) од Скопје, за кој на 03.11.2019 беше пријавено дека се оддалечил од домот.

На 11.11.2019 околу 09.00 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул. „Филип Втори Македонски‟, С.Ј.(44) од Битола, при чистење на револвер „застава 357 магнум М 83/93‟, кој го поседувал со дозвола, се здобил со прострелна рана во пределот на левата дланка. С.Ј. бил пренесен во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2019 околу 00.30 часот во СВР Тетово, Џ.А.(54) од гостиварското село Врапчиште пријавил дека на локалниот пат во селото бил каснат од куче скитник на левата нога.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.С.(29) од с.Кучица, општина Карбинци и Д.Г.(32) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца‟. На 09.10.2019 и 11.10.2019 од с.Кучица до ул.„Енгелсова‟ во Штип и од склад за дрва на ул. „Брегалничка‟ до ул.„Сутјеска‟ во Штип, првијавените со товарно моторно возило „мерцедес‟ вршеле превоз на огревни дрва, без да поседуваат лиценца.

На 11.11.2019 во 20.30 часот во СВР Скопје, Г.А.А.(44) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот во угостителски објект на крстосница помеѓу бул. „Илинден’’ и ул.„Разловечко востание’’ бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И.Н.(49), И.С.(58) и И.Н.(53), сите од Струга,

поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавените, како сопственици и инвеститори, во текот на 2019 започнале со изградба на објекти за домување на неколку катастарски парцели во Струга, без одобрение за градба.

На 11.11.2019 во 12.00 часот во СВР Куманово, Д.З.(58) пријавил дека во периодот од 01.00 до 01.30 часот, во близина на крстосница од ул.„11 Октомври" и ул.„11 Ноември" во Куманово,две лица физички го нападнале и му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2019 во 13.15 часот во Полициската станица Валандово, Т.П.(41) од Валандово пријавил дека во 11.00 часот пред угостителски објект во Валандово бил каснат од куче скитник во пределот на левата дланка.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)